


Проверете го **новото издание на** [**билтенот за антикорупција и добро владеење**] на

Мрежата за развој и интегритет на Југоисточна Европа – СЕЛДИ.

Од вестите во регионот, за периодот март- април, можете да прочитате повеќе за **застојот на законските измени во Србија поврзани со антикорупцијата; налогот за притвор на поранешниот премиер на Хрватска, Иво Санадер; законските измени за укажувачите во Босна и Херцеговина; како и за масовните вработувања во косовската пошта и телекомуникацискиот провајдер**
.

Покрај вестите од регионот, проверете ги **неодамнешните извештаи и анализи** кои се однесуваат на
**компетентноста на директорите на македонските јавни претпријатија**
; отвореноста на локалните буџети во Црна Гора; српските преговори за пристап кон ЕУ; и сл.

Билтенот е подготвен во рамки на програмата „ Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во Југоисточна Европа: Градење на капацитети за мониторинг застапување и подигање на јавната свест (СЕЛДИ)
”, која се спроведува од мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), чиј координатор е МЦМС.

Програмата е финансирана од Европската Унија.